Дополнителна писмена информација од родителите кои што се организирани и работат во Здружението на граѓани "Порака" по предлогот од Министерството за труд и социјална политика, за отварање на Дневен Центар за деца со посебни потреби, кој би бил сместен во рамкитена објектот на детската градинка клон 7 на ул. "Гоце Делчев" бб во Струмица

И до доставување на писмено мислење за тоа како функционираат досегашните дневни центри кои функционираат во Републиката како организациони единици на Меѓуопштинските центри за социјална работа.

2.Овој заклучок велегува во сила по објавуваето во "Сл. гласник на општина Струмциа".

Бр.07-1337/1 Совет на општина Струмица
13.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Сметководствените политики за финансиските извештаи на Буџетот на општина Струмица

1. Се објавуваат Сметководствените политики за финансиските извештаи на Буџетот на општина Струмица, донесени на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 13.03.2008 година.

Број 08-1332/2 Градоначалник
13.03.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………….

**36.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица " број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 13.03.2008 година, донесе

**Сметководствени политики за финансиските извештаи на Буџетот на општина Струмица**

**ОПШТ ДЕЛ**

**I. Дефиниција на сметководствените политики**

Сметководствените политики се специфични принципи, основи, конвенции, правила, практики, усвоени од општина Струмица кои се имплементираат при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи.

**Б. Цел на сметководствените политики**

Целта на овие сметководствени политики е да подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи биде усогласено со

барањата на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Законот за буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор на готовинска основа.

За оние трансакции и настани каде што не постојат специфични барања, општина Струмица ќе развие политики за да осигури дека финансиските извешати обезбедуваат информации кои се:

- релевантни за потребите за донесување на одлуки од страна на корисниците односно надлежните органи на општина Струмица;
- веродостојни во тоа дека:
- верно ги претставуваат резултатите и финансислата состојба на општина Струмица;
- ја одразуваат економската суштина на настаните и трансакциите, а не само правната форма;
- се неутрални и ослободени од пристрастности;
- се засновани на принципот на претпазливост;
- се комплетни во сите материјални аспекти.

**В. Правна рамка за донесување на сметководствените политики**

Правната рамка за донесување на сметководствените политики на општина Струмица е определена со:

- Законите и прописите кои ја регулираат материјата опфатена со сметководствените политики;
- Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- Законот за буџетите;
- Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници;
- Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор на готовинска основа;
- Статутот на општина Струмица и
- Други интерни акти на општина Струмица

Целта на имплементацијата на овие политики е да се обезбедат високо квалитетни, транспарентни и споредливи информации за финансиските извештаи и останатото финансиско известување за да им помогне на учесниците на корисници на информациите кои ги даваат на општина Струмица, останатите корисници и надлежните органи на општина Струмица да донесат соодветни одлуки.

**Г. Координација и контрола на имплементацијата на сметко-водсените политики**

Секој извршител/вработен во општина Струмица е должен да се придржува кон мерките и инструментите кои се во функција на остварување на целта на секоја посебна сметководствена политика. Воедно, со ваквото придржување ќе придонесе кон постигнување на општата цел на сметководствените политики во однос на финансиското известување за екстерни цели.

При имплементацијата на секоја посебна политика мора да постои координација и контрола на сите нивоа (хоризонтална и вертикална хиерархија) меѓу носителите и имплементаторите на сметководствените политики.

**Д. Презентирање на сметко-водствените политики**

Овие сметководствени политики се применуваат при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи кои се составен дел на финансиските извештаи.

Сметководствените политики се презентираат во белешките кон финансиските извештаи, при што треба да се опише следното:
Основните за мерење користени при подготвувањето на финансиките извештаи;

Секоја специфична сметковод-ствена политика која е неопходна за правилно разбирање на финансиските извештаи.

**Ѓ. Промени во сметководствените политики**

Промените на сметководствените политики се вршат ако тоа го бара законот, интерните акти на општина Струмица, или тело за поставување на сметководствените стандарди, односно доколку тие промени ќе резултираат во пособдветно презентирање на настаните и трансакциите во финансиските извешати на општина Струмица.

Промени се вршат на начин и во постапка како што е утврдена при донесувањето на овие сметководствени политики.

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**

**Посебни сметководтвсени политики**

**Основни начела**

**Буџетот** на општината се изготвува, донесува и извршува во согласност со Законот за буџетите, а расходите се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, во рамките и намените утврдени во буџетот.

**Буџетскиот процес** започнува со доставување на **буџетскиот циркулар**, со кој општините се известуваат за основните макроекономски индикатори. Роковите за планирање на општинскиот буџет се регулираат со **буџетскиот календар** донесен од советот на општината. Со буџетскиот календар се утврдува: рокот за доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови до буџетските корисници, рокот за доставување на финансиските планови од страна на буџетските корисници до градоначалникот и рокот за доставување на предлог буџет од страна на градоначалникот до советот на општината.

Советот на општината го **донесува буџетот** за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година, по сметки, програми и ставки. Доколку буџетот на општината не биде донесен до пропишаниот рок, советот на општината е должна да донесе **одлука за времено финансирање и финансиски план** за нејзино спроведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година. Градоначалникот одобрува исплата на средства по сметки, програми и ставки од буџетот месечно, најмногу до една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година, најдоцна до 31 март.

Буџетите на единиците на локалната самоуправа мора да бидат избалансирани односно не смеат да содржат буџетски дефицит.

Општините изготвуваат **единствен буџет** кој ги содржи средствата на советот, градоначалникот и управните и административните органи, програма за комунално уредување, програма за улично осветлување, програма за патишта, програма за јавни зелени површини, програма за пошумување, програмата за образование за општина Струмица и други програми.

Буџетот на општината се состои од **општ** и **посебен дел**.

Општиот дел содржи:

- Консолидиран биланс на приходи и расходи;
- Функционална класификација на расходите;
- Биланс на тековно – оперативни приходи и расходи, и
- Биланс на капитални приходи и расходи.

Во посебниот дел расходите се групирани според корисници и програми.

Со донесувањето на буџетот, советот на општината донесува **одлука за извршување на буџетот.**

**Финансирањето** на општините се уредува со закон.

Општините своите буџети ги изготвуваат, предлагаат и донесуваат самостојно во согласност со Законот за буџетите и други прописи, врз основа на макроекономските агрегати и во согласност со инструкциите дадени од министерот за финасии за класифицирање на приходите и расходите.

За извршување на буџетот е одговорен градоначалникот на општината. Општината за користење на средствата на буџетот доставува годишни и квартални финансиски планови по сметки, програми и по расходни ставки. Општината води евиденција на преземените обврски, која опфаќа пријавување, промена и поништување на пријавените преземени обврски, согласно прописите за трезорско работење.

**<u>УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ</u>**

**Извори на финансирање** на општините се:

- Сопствени извори на приходи (локални даноци, локални такси, локални надоместоци, приходи од сопственост, приходи од донации);
- Дотации на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите;
- Задолжување.

**Локалните даноци, локалните надоместоци и локалните такси**, висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите се утврдуваат со закон.

Општината остварува **приходи од персонален данок од доход** наплатен во текот на годината. Остварениот приходи по основ на овој вид приход се распоредува:

- 3% од персоналниот данок на доход од плати од физички лица кои се наплатени во општината и
- 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност.

Општината може да добие **донации** од разни донатори. Донациите во паричен облик претставуваат приход за општината, додека донациите во ствари треба да се евидентираат во сметководствената евиденција на општината. Намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, со претходна согласност од страна на советот на општината.

Доколку општината е корисник на донација треба да ги применува одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности:

- Предмет на донацијата треба да биде остварување на јавен интерес;
- Договорот за донација задолжително се доставува до Управата за јавни приходи најдоцна до 30 дена;
- Општината и давателот на донацијата се должни да изготвуваат извештај за донацијата со сите потребни податоци и информации;
- Министерството за правда во рок од 15 дена од приемот на барањето на давателот на донацијата и спонзорството, издава решение со кое се потврдува јавниот интерес.

Општините се корисници на **дотации од Буџетот на Република Македонија**, и тоа:

- Приход од данок на додадена вредност;
- Наменска дотација (за конретна активност – проект/програма);
- Капитална дотација (за инвестициони проекти);
- Блок дотација (за конкретни програми);
- Дотација за делегирана надлежност.

Општините може да се **задолжуваат** на домашниот и странскиот пазар на капитал, по претходна согласност на Владата на Република Македонија, утврдено врз основа на мислење на Министерството за финансии. Општината не може да даде под хипотека имот на општината, кој служи за вршење на дејностите од јавен интерес.

Општината може да се задолжува **краткорочно** во земјата што ќе се отплати до крајот на тековната година. Краткорочното задолжување не може да се користи за плаќање на казни и казнени камати. Вкупното краткорочно задолжување во текот на годината не може да е повеќе од 20% од вкупните реализирани приходи во претходната фискална година.

За **долгорочно задолжување** на општината е потребно одобрение од советот на општината, по претходно одржана јавна расправа во општината. Вкупното долгорочно задолжување не може да надмине 20% од вкупните реализирани приходи во претходната фискална година.

Општините, во рамките на своите надлежности, самостојно располагаат со сопствените извори на приходи.

**Приходите** наплатени по 31 декември на сметка на буџетот се евидентираат како приходи на буџетот за следната фискална година.

**<u>Ограничувања</u>**

Корисниците на средствата на буџетите на општините се должни утврдените средства во буџетот да ги користат **наменски, рационално и економично** и не смеат да преземат обврски над лимитот од одобрените средства.

Износите на приходите наведени во годишниот буџетски документ не се фиксно определени и лимитирани.

Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

Секој расход што бара нов извор на приходи заедно со предложениот извор, како и кога треба да се намалат планираните расходи, кои се одобрени заради неостварување на планираните приходи повеќе од 5% се обработува во посебен буџетски документ (ребаланс), а го донесува советот на општината.

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или

помалку планирани расходи можат да се планираат средства како **постојана и тековна резерва**. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината. За користењето на овие средства одлучува советот на општината. По исклучок, за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува градоначалникот. Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Утврдените износи со буџетот, може да ги **прераспределува** меѓу трошковните ставки, со исклучок на расходните ставки меѓу платите и другите расходи, плаќање на каматите и отплатата на главницата на заемите.

**Зголемувањето**, односно **намалувањето на приходите** се заснова на барање кое се доставува од страна на градоначалникот до советот на општината.

Градоначалникот доставува до Министерството за финансии и до советот на општината **квартални извештаи** со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на месецот.

**Е. Рамка за подготвување и презентирање на финансиските извештаи**

Подготвувањето и презентирањето на финансиските извешати се врши согласно со Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи определена со законите и прописите донесени врз основа на законите, општо прифатените сметководствени принципи, сметководствената практика и сметководствените стандарди доколку не се во спротивност со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници или друг пропис.

Делокругот на рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи ги обработува: ***целта на финансиските извештаи и основните претпоставки***.

**Е1. Целта на финансиските извештаи**

Целта на финансиските извештаи е да се обезбедат информации во врска со финансиската состојба, успешноста во работењето и промените во финансиската состојба на Општина Струмица кои се корисни за широк круг на корисници при донесувањето на економските одлуки.

**Е.2. Основни претпоставки**

Основни претпоставки за подготвување на финансиските извештаи се готовинска основа (сметководствено начело на парично искажување) на сметководството и претпоставката на континуитет на Општина Струмица.

**Е.2.1. Готовинска основа**

Општина Струмица ги подготвува своите финансиски извештаи, врз основа на готовинска основа.

Според оваа основа, ефектите на трансакциите и другите настани за приходите, ефектите на трансакциите (приходите и расходите) да се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

**Е.2.2. Континуитет**

Финансиските извештаи на општина Струмица се подготвуваат под претпоставка дека општина Струмица претставува континуитет и дека ќе продолжи да работи во догледна иднина, односно општина Струмица нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

**Ж. Признавање на приходите**

Признавањето на приходите се врши во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост, односно се смета дека приходите се расположиви кога се остварени во пресметковниот период.

**Во приходите не влегуваат**: добиените материјални и нематеријални средства на подарок или на друг начин добиени без надоместок, вишоци утврдени со пописот на средствата.

Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

**З. Признавање на расходите**

Признавањето на расходите се врши на готовинска основа односно расходите и другите одливи се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**Во расходите не влегуваат**: подарените или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоци на средствата кои паѓаат на товар на буџетот на општината, отпишување на

побарувањата и други вонредни расходи кои не паѓаат на товар на буџетот на општината, туку на товар на изворите на средствата.

Правото за општината за трошење на средства од Буџетот престанува на 31 декември. Сите неплатени обврски од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиција во Буџетот за следната фискална година.

**<u>Финансиски резултат</u>**

Суфицит (вишокот на приходи) претставува разлика меѓу приходите и расходите кога приходите се поголеми од расходите на 31 декември.

Дефицит (вишок на расходи) претставува разлика меѓу приходите и расходите, кога расходите се поголеми од приходите на 31 декември.

**Ѕ. Данок на добивка**

Добивката претставува разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на општина Струмица во износи утврдени во согласност со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, освен приходите и расходите за кои согласно со Законот за данокот на добивка е пропишан друг начин на утврдување.

Тековниот данок за тековниот и претходниот период општина Струмица го признава како обврска до степенот кој не е платен, додека за износот кој е платен и ги надминува обврските за тековниот и претходниот период се признава како побарување.

**И. Парични средства и хартии од вредност**

Паричните средства на: сметките во носителите на платниот промет/трезорот и во благајната се искажуваат во номинален износ според доставениот извод за состојбата на сметките и благајничкиот извештај.

Благајничкиот максимум се утврдува од страна на Советот на општина Струмица согласно со одредбите од Законот за платниот промет.

Општина Струмица ако прими, односно стекне хартии од вредност ќе ги искажува според нивната номинална вредност.

**Ј. Побарувања**

Побарувањата ги опфаќаат: побарувања, побарувања за даноци, придонеси и други давачки, краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување и финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите.

Општина Струмица побарувањата ги признава во Билансот на состојба само кога станува странка на договорените одредби на инструментот. Мерењето на побарувањата се врши според нивната номинална/договорна вредност утврдена во договорот.

Општина Струмица врши усогласување на побарувањата, односно депризнавање само кога општината ја губи контролата над договорените права, односно постои неможност за наплата на дел или на целото побарување од должникот.

**К. Залихи**

Залихите се мерат според износот на трошоците за нивната набавка.

Трошоците на залихите ги опфаќаат трошоците на набавката/набавната цена, трошоците на конверзијата и другите трошоци односно увозните давачки и другите даноци, превозот, манипулативните и другите трошоци кои се направени со цел залихите да се доведат во постојната локалција во постојните услови.

Трговските попусти, рабатите, и другите слични ставки се одземаат при утврдувањето на трошоците на набавката.

**Л. Нематеријални и материјални средства**

Под нематеријални и материјални средства се сметаат правата, односно предметите чиј поединечен трошок на набавка е поголем од 300 евра во денарска противвредност и корисниот век на употреба е подолг од една година.

Набавките на нематеријалните и материјалните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства, вклучувајќи ги и увозните давачки и даноците при купувањето кои не се рефундираат, како и сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Нематеријалните и материјални средства кои се набавени, односно преземени од друго правно лице без надоместок или со делумен надоместок се евидентираат по нивната книговодствена вредност (набавна, односно ревалоризирана вредност со намалување на кумулативната исправка на вредноста до преземањето на основните средства) зголемена за зависните трошоци.

Последователните издатоци за недвижностите, постројките и опремата се признаваат како средство само тогаш кога издатоците ја подобруваат состојбата на средството над неговиот почетно проценет стандард на успешноста на користењето, односно за вложувањата заради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот, функционалната поврзаност и слично.

**Љ. Ревалоризација**

Вреднувањето на материјалните средства по нивната набавка се искажува по ревалоризиран износ намален за вкупниот износ на пресметаната амортизација.

Кога дадена ставка на материјалните средства (недвижности, постројки и опрема) се ревалоризира, треба да биде ревалоризирана целата група на материјалните средства на која ѝ припаѓа тоа средство.

Кога сметководствената вредност на средството се зголемува како резултат на ревалоризацијата, зголемувањето треба да се одобри директно на изворите на средствата.

Кога сметководствената вредност на средството се намалува како резултат на ревалоризацијата, намалувањето треба да биде на товар на изворите на средствата.

Ревалоризација на долгорочните средства (материјални и нематеријални средства) се врши доколку инфлацијата на годишно ниво, мерено со порастот на цените на производителите на индустриски производи е поголем од 10%.

**М. Амортизација**

Амортизацијата односно отписот на вредноста на средствата се врши со праволиниски метод со примена на годишните амортизациони стапки утврдени со Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно годишни стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници.

Корисниот век на употреба, односно рокот на отпишувањето на средствата се одредува согласно со пропишаните стапки.

Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност, односно ревалоризационата вредност на средствата.

Набавната вредност на средствата согласно прифатените сметководствени стандарди ја сочинуваат куповната цена (фактурната вредност), зголемена за увозните давачки и даноците кои не се рефундираат при купувањето и сите други издатоци кои директно се пропишуваат на подготвувањето на средството за неговата намена/ употреба. Сите трговски попусти и рабати се одбиваат при утврдувањето на набавната вредност.

Основицата за пресметување на амортизација се коригира за последователните издатоци во согласност со сметководствените стандарди со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот почетно проценет стандард на успешност во користењето, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација, или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот, функционалната поврзаност и слично. Промените на вредноста која претставува основица за амортизација се земаат во предвид од првиот ден на наредниот месец, односно од првиот ден на наредната година откако настанале.

Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација сé додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена.

Кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на амортизацијата, односно кога износот на набавната вредност на средствата е еднаков на отпишаната вредност, престанува натамошното пресметување на амортизацијата.

Средствата кои во целост се отпишани се задржуваат во евиденцијата и се искажуваат во билансот до моментот на нивното продавање, подарување, отуѓување на друг начин или уништување.

Обврската за пресметување на амортизацијата, односно на отписот на вредноста не се однесува на следните средства:

- *Средствата до нивното ставање во употреба;*
- *Средствата кои трајно се надвор од употреба;*
- *Другите долгорочни средства чија што употреба не е временски ограничена.*

***Н. Краткорочни и долгорочни обврски***

Краткорочните и долгорочните обврски ги опфаќаат: краткорочни обврски по основ на хартии од вредност, краткорочни обврски спрема добавувачи, краткорочни обврски по резерви, краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки, краткорочни обврски спрема субјекти, финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите, краткорочни обврски за плати и други обврски према вработените, обврски по долгорочни кредити и заеми и обврски по краткорочни кредити и заеми.

Краткорочните и долгорочните обврски се искажуваат според нивната номинална вредност искажана на соодветниот сметководствен документ зголемени со каматата согласно склучените договори.

***Њ. Капитал и резерви***

Капиталот/изворите на средствата ги опфаќаат изворите на капиталните средства и другите средства како и залихите на материјали, резервните делови, ситниот инвентар и хартиите од вредност.

Ревалоризационата резерва претставува резултат - ефект од ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства и истата се пренесува во корист на изворите на средствата.

**О. Финансиски извештаи**

Општина Струмица по истекот на пресметковниот/известувачкиот период составува основни финансиски извешати со состојба на 31 декември и тоа:

Биланс на состојба,
Биланс на приходите и расходите,
Белешки кон финансискиските извештаи/образложение, и
Годишен извештај

**<u>Годишна сметка и годишен извештај</u>**

Градоначалникот ја доставува **годишната сметка** за донесување до советот на општината најдоцна до 28 февруари во наредната година.

Советот ја донесува годишна сметка на буџетот на општината најдоцна до 15 март во тековната година и ја доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.

За донесената годишна сметка градоначалникот ја информира јавноста.

Советот на општината усвојува **годишен извештај**. Составен дел на годишниот извештај се:

- Годишна сметка;
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност;
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотации за делегирани надлежности и
- Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

**<u>Сметководствена евиденција и внатрешна ревизија</u>**

Градоначалникот и одговорниот сметководител се одговорни за примената на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Општината воспоставува систем и процедури за внатрешна ревизија согласно меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија.

Извештаите на внатрешната ревизија им се доставува на градоначалникот и на советот на општината.

Сметководствените политики за финансиските извештаи на Буџетот на општина Струмица, ќе се применуваат по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1329/1 Совет на општина Струмица
13.03.2008 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.